На ден 23.12.2010 година (четврток), во администритивниот објект на Општина Кавадарци, се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животна средина на проектот ”Изградба и работа на депонија за троска”. Јавната расправа која ја организираа Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со консултантската компанија ДЕКОНС ЕМА и инвеститорот на Студијата ФЕНИ ИНДУСТРИ, со поддршка на Општина Кавадарци, започна во 12:00 часот

Присутни:

- Зоран Бошев, раководител на Одделение за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

- Влатко Цветаноски, советник во Управата за животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

- Хусни Тачи, помлад соработник во Управата за животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

- Маја Коцова, претставник од консултантската компанија ДЕКОНС ЕМА

- Јулијана Никова, претставник од консултантската компанија ДЕКОНС ЕМА

- Ирена Стефановска, претставник од консултантската компанија ДЕКОНС ЕМА

- Орце Ристов, главен инженер во лабараторија претставник од ФЕНИ-ИНДУСТРИ

- Сања Крстиќ, општина Кавадарци

- Доне Иков, општина Кавадрци

- Зоран Давчев, месна заедница с.Возарци

- Ване Апостолов, месна заедница с.Шивец

- Бобан Бошков, месна заедница с.Возарци

- Борче Николов, месна заедница с.Возарци

- Драган Рамов, инспектор за сообраќај, општина Кавадарци,

- Јованчо Колев, инспектор за жив.средина

- Анита Г.К., општина Кавадарци

Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

Отварање и вовед

1.Јавната расправа ја отвори г-дин Зоран Бошев, раководител на Одделението за оцена на влијание врз животна средина при Управата за животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници тој ја истакна важноста од одржувањето на јавната расправа и учеството во дискусијата на истата, а потоа им даде збор на претставниците од  инвеститорот.

2.Г-дин Влатко Цветаноски, претставник од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, даде краток вовед за потребата и законската обрвска да се изработи Студијата за оцена на влијание врз животна средина за ”Изградба и работа на депонија за троска” за потребите на ФЕНИ-ИНДУСТРИ.

3.Студијата за оценка на влијанието врз животната средина ја презентираше Маја Коцова, експерт од листата на експерти за ОВЖС, одговорен за изработка на Студијата.

На почетокот, беше објаснет контекстот за планирање на проектот. Врз основа на дефинираната процедура за ОВЖС согласно Законот за животна средина на МЖСПП, инвеститорот е должен да изработи Студија за оцена на влијанија врз животната средина, со цел добивање на Решение за согласност за спроведување на проектот.

Оправданоста на проектот за поставување на нова депонија за троска во близина на село Шивец, општина Кавадарци потекнува од:

- намалениот капацитет на веќе постоечката депонија;
- зголемениот производствен капацитет на инсталацијата ФЕНИ ИНДУСТРИ;
- потреба од ново одлагалиште за троска во близина на инсталацијата ФЕНИ-ИНДУСТРИ.

Во Студијата се анализирани сите влијанија врз животната средина како резултат на отварање на новата депонија за троска, и тоа во однос на: безбедносните аспекти, биолошката разновидност, геолошки структури и почви, квалитетот на воздухот и климата, квалитетот на површинските води, бучавата, управувањето со цврст отпад, имотни аспекти(население) и влијанија врз приходи, визуелни ефекти, природно и културно наследство и кумулативни влијанија. За намалување или ублажување на негативните влијанија врз животната средина се предвидени соодветни мерки во Студијата.

На крај, беше презентиран и мониторинг планот чија цел е следење на резултатот од имплементацијата на предложените мерки во Студијата.

По завршувањето на презентацијата за Студијата за ОВЖС, г-дин Зоран Бошев, пред да ја отвори дискусијата, информираше дека сите заинтересирани можат во рок од 10 дена да достават коментари во однос на Студијата, а коментарите од заинтересираната јавност ќе бидат земени предвид во процедурата на издавање на Решение за согласност за спроведување на проектот.

3.Дискусија

Прашање: Претставници на месната заедница Возарци побараа објаснување зашто селото Шивец е избраната локација за изградба на нова депонија за троска?

Одговор: г-ѓа Маја Коцова одговори дека тое е поради: намалениот капацитет на веќе постоечката депонија; зголемениот производствен капацитет на инсталацијата ФЕНИ ИНДУСТРИ; потреба од ново одлагалиште за троска во близина на инсталацијата ФЕНИ-ИНДУСТРИ.

Коментар: Претставници на месната заедница укажаа на потребата доколку се изгради депонијата за троска во село Шивец, површината на просторот кој е предвиден за изградбата на депонијата да биде според мерките предвидени во проектот, да не дојде до проширување на просторот предивден за депонија со текот на времето (забелешка од функционирањето на претходната депонија во село Возарци).

Одговор: г-дин Зоран Бошев одговори дека мора да се почитува тоа што е наведено во проектот од страна на инсталацијата ФЕНИ-ИНДУСТРИ.

Коментар: Претставници на месната заедница укажаа на проблемот со генерираната топлина и евентуалното зрачење од изградбата на депонијата за троска, кој што би била во близина на нивите за обработување во сопственост на  жителите на Шивец?

Одговор: г-ѓа Маја Коцова одговори дека предвидената оддалеченост-границата на депонијата до населеното место е доволна да се намали ефектот од топлината која се емитира од депонираната троска, за таа цел е предвидена и мерка за намалување на топлината со поставување на брана и зелен заштитен слој кој ќе го намали потенцијалниот бран од топлина при одлагањето/ладењето на троската.  Додека во врска со зрачењето беше одговорено дека депонирањето на троската нема значајни ефекти врз целокупната животна средина.

Прашање: Претставници на месната заедница поставија прашање колку треба да биде заштитната зона од депонијата до последната куќа (законски).

Одговор: г-дин Зоран Бошев одговори дека мора да го провери тој податок.

Коментар: Претставници на месната заедница укажаа на прашината која се создава како резултат на работата на инсталацијата и од депонирањето на троската која паѓа над лозовите насади, во близината и градинарските продукти, што доведува до намалување на нивното производство.

Одговор: г-дин Зоран Бошев одговори дека прашината кој паѓа над лозовите насади и градинарските продукти, кои се во близината, е резултат на работата на ФЕНИ ИНДУСТРИ, а не резултат на депонирање на троската, која после процесот на депонирање се оладува и преминува во цврста гранулирана состојба.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори г-дин Зоран Бошев во 14:30 часот.

Записничар

Ирена Стефановска